Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Договорот меѓу четирите најголеми парламентарни политички партии од 31 август 2016 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-4225/6 од 01.09.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 01.09.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА И ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година бр.01-4180/1 од 26.08.2016 година.

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе го врши мониторингот на изборното медиумско претставување за Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11 декември 2016 година според Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси бр.01-111/1 од 5.01.2016 година.

3. За Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11 декември 2016 година, сите активности од Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси ќе започнат да се реализираат од 2 септември 2016 година.

4. Мониторингот на правилата за медиумско претставување наведени во член 196-в од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06; 136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14; 30/14; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16, 136/16 и 142/16) почнува на 2 септември 2016 година.

5. Постапувањето за време на мониторингот на изборното медиумско претставување за Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11 декември 2016 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Привремената комисија за следење на медиумското претставување ќе биде уредено со посебен акт кој ќе го донесе Директорот на Агенцијата.

6. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

Бр. 02-4276/1
01-09. 2016 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Членовите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување,
- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата